Друштво за проектирање, инженеринг, трговија и услуги
ХИДРО ГРАДЕЖЕН ИНЖЕНЕРИНГ ДОО
Бр. 03 – 171/1
10.06.2021 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
СКОПЈЕ-SHKUP
Бр. Nr. 10 – 4553/13
08-06-2021 год. viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ДОГОВОР

## за ревизија на проектна документација за државни основни училишта

1. **Министерство за образование и наука**, со седиште на ул.„Св. Кирил и Методиј" бр.54, 1000 Скопје, претставувано од министерката за образование и наука Мила Царовска, (во понатамошниот текст: **Корисник на услуги**) од една страна, и
2. **Друштво за проектирање и инженеринг „Хидро Градежен Инженеринг ДОО Скопје"** со седиште на ул. „Ристо Равановски" бр.18/1-1 Скопје, застапувано од управителот Горјан Горчевски (во понатамошниот текст „Давател на услуги") од друга страна.

### 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој договор се регулираат меѓусебните права и обврски на договорните страни за вршење на услугите кои се предмет на овој Договор.

**Член 2**

Договорните страни го склучуваат овој Договор врз основа на објавениот Оглас број 04582/2021 во постапка за набавки од мала вредност, Одлуката за избор на најповолна понуда бр. 10-4553/10 од 25.05.2021 година, Извештајот од спроведената постапка бр. 10-4553/8 од 19.05.2021 година и Конечната понуда на Давателот на услуги бр. 10-4553/12 од 02.06.2021 година.

### 2. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Предмет на овој Договор е за ревизија на проектна документација за државни основни училишта, согласно тендерската документација бр. 10-4553/5 од 18.03.2021 година.

### 3. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 4**

Давателот на услугите, услугите наведени во член 3 од овој Договор, ќе ги изврши за вкупна вредност од **34.650,00 (триесетичетирилјади и шестотиниипедесет ) денари, без вклучен ДДВ.**

Вредноста на ДДВ за овој износ изнесува 6.237,00 (шест илјади двестотиниитриесетиседум) денари.

Вкупниот износ на услугите наведени во член 3 од овој Договор, со пресметан ДДВ изнесува 40.887,00 (четириесет илјади и осумстотиниосумдесетиседум) денари.

Не се предвидува корекција на цените, истите ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за јавна набавка, како и во случај да се промени рокот на вршење на услугите.

## 4. ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 5**

Услов за полноважност на договорот е обезбедување гаранција од страна на давателот на услуги за квалитетно извршување на договорот во висина 10% (десет проценти) од вредноста на договорот со вклучен ДДВ во рок од 5 работни дена од денот на склучување на овој Договор.

Гаранцијата се доставува во вид на банкарска гаранција во писмена форма, издадена од реномирана банкарска институција, резидентна во Република Северна Македонија, по слободен избор на давателот на услугите. За корисникот на услугите се прифатливи сите банки.

Гаранцијата треба да биде поднесена во оригинална форма. Копии не се прифаќаат.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде со важност до целосното реализирање на договорот.

Со продолжување на рокот за проектирање ќе се промени и рокот за ревизија, со што задолжително се продолжува и важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на услугите.

Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот ќе биде во валутата на која гласи договорот. Важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување го опфаќа рокот за извршување на услугата продолжен за 30 (триесет) дена.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот се доставува во определениот рок, и тоа лично на лицето за контакт.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде наплатена доколку давателот на услуги не се придржува до условите од договорот.

Во случај да не се изврши предметот на услугата навремено или доколку не прифати да направи корекции за забелешките кои ќе ги утврди корисникот на услуги или во случај на неисполнување на некоја од обврските кои ќе бидат дефинирани во договорот, корисникот на услуги ќе пристапи кон наплата на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот по 10 дена од денот на доставената писмена опомена до давателот на услуги.

Доколку договорот за услугата е целосно реализиран согласно договореното, банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот корисникот на услугите му ја враќа на давателот на услугите во рок од 14 (четиринаесет) дена од целосното реализирање на договорот (вклучувајќи го и периодот за отстранување на недостатоците).

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот, корисникот на услугите му ја враќа на давателот на услугите лично во седиштето на корисникот на услугите.

## 5. НАЧИН И РОК НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА

**Член 6**

Давателот на услугите е должен да достави прилог Ревидентски извештај по целокупната техничка документација и елаборати кои се наведени во проектната задача која е составен дел од техничката спецификација, дадена во прилог на тендерската документација бр. 10-4553/5 од 18.03.2021 година.

Важноста на договорот за целосна реализација на предметот на овој договор е 4 месеци од денот на склучувањето на овој Договор.

Давателот на услуги е должен да го реализира предметот на набавката во посебен режим и тоа:

Активно да учествува во фазата на проектирање

По завршување на проектот, ревидентите треба во рок не подолг од 5 календарски денови да дадат позитивна ревизија или да ги достават целосно и сите свои забелешки кои

проектантите ќе треба да ги имплементираат во рок не подолг од 7 (седум) календарски денови или да дадат издржано објаснување за забелешките кои сметаат дека не треба да се имплементираат.

По постапување по забелешките од страна на проектантите, ревидентите ќе имаат уште 5 (пет) календарски дена да дадат позитивна ревизија или доколку сметаат дека дел од забелешките не се имплементирани, а за истите проектантите не дале издржано образложение, ќе треба да доставаат листата на (предходни) забелешки кои ќе треба да се имплементираат во проектот.

Рокот за конечното постапување по ревизија од страна на проектантите е 5 календарски дена или по испорака на потпишани и заверени образложенија од страна на проектантот-тите за забелешки кои не прифаќаат да ги имплементираат, ревизорите се должни за не повеќе од 2 календарски денови да дадат комплетно позитивна ревизија

Во овој процес и во овој период, ревидентите треба континуирано и целосно да соработуваат, да даваат сугести, забелешки и препораки и активно да учествуваат во тековните работни состаноци со проектантите.

Рокот за вршење на услуги на ревизија на техничка документација со сите фази е 4 месеци од денот на склучувањето на овој Договор.

Рокот за вршење на услуги може да се продолжи само доколку Давателот на услуги смета дека треба да се доработи техничката документација, за што е должен писмено да го извести Корисникот на услуги за причините за продолжување на рокот, а со цел да се продолжи рокот на важност на овој Договор.

Со продолжување на рокот за испорака на услугата се продолжува и важноста на банкарската гаранција.

**Член 7**

Примопредавањето на услугата/те се состои во вршење на потребните дејствија за да биде возможно предавањето, како и превземањето на услугата/те.

**Член 8**

Давателот на услуги е должен да му ја предаде позитивната конечна ревизија за проектната документација на Корисникот на услуги во 4 примероци во печатена форма и електронски во ПДФ формат потпишан со електронски потпис.

**Член 9**

Давателот на услуги одговара за недостатоците и некомплетноста на ревизијата во моментот на предавањето на Корисникот на услуги, без оглед дали тоа му било познато.

Давателот на услуги одговара и за оние недостатоци што ќе се појават по предавањето на предметот на набавката на Корисникот на услуги, ако се последица од несоодветно изработена ревизија согласно Законот за градење.

**Член 10**

Давателот на услуги му одговара на Корисникот на услуги за штетата што овој поради недостаток на услугата/те ја претрпел на другите свои добра и тоа според општите правила за одговорноста за штета.

## 6. НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 11**

Плаќањето ќе се врши во рок од 60 (шеесет) дена од денот на достава на фактура по доставена ревизија на техничката документација со испратница за доставената документација и прилог од ревидентскиот извештај, изработен согласно со проектите од проектната задача, доставени преку архивата на Корисникот на услуги.

Фактурата се смета за исправна доколку ги исполнува следните критериуми:

- во фактурата е наведен архивскиот број и називот на договорот/нарачката/друг документ врз основа на кој е издадена;
- кон фактурата за услуги е приложена испратница за изготвени проекти со полно име и презиме и потпис од корисникот на услугите и давателот на услугите;
- во фактурата е наведен рокот за плаќање кој што е наведен погоре во овој член;

Фактурата која не ги задоволува горенаведените критериуми се смета за неисправна и веднаш ќе биде вратена.

За извршување на договорот не е дозволено авансно плаќање.

## 7.ПРАВА И ОБВРСКИ

**Член 12**

Давателот на услуги е должен да ја испорача услугата/те на Корисникот на услуги во архивата на Корисникот на услуги согласно динамиката наведена во член 6 од овој договор.

**Член 13**

Давателот на услуги сите материјални права на нивните авторски дела создадени заради извршување на предметот на набавката, мора целосно и временски неограничено да ги пренесе на Корисникот на услуги со предавање на позитивен ревизорски извештај.

**Член 14**

Давателот на услуги е должен ревидирањето да го извршува согласно позитивните законски прописи и проектната програма во делот на содржина и обем на проектната документација изготвена и потпишана од Корисникот на услуги.

Давателот на услуги е должен тесно да соработува со Корисникот на услуги и со проектантот.

**Член 15**

Корисникот на услуги е должен да обезбеди Проектант за изработка на Основните проекти.

Корисникот на услуги е должен со овој договор да определи одговорно лице за следење на реализација на договоррот или со овластување на определи друго одговорно лице за следење на реализација на договорот по склучување на договорот, за кое што писмено го известува Давателот на услугите.

Одговорно лице за следење на реализација на Договорот кај Корисникот на услуги е Ненад Коковиќ.

Одговорно лице за следење на реализација на овој договор, ќе ја следи реализацијата на Договорот согласно одредбите на овој договор за што навремено и хронолошки изготвува контролна чек - листа за реализација на активностите и обврските од договорот и евентуално анексите на овој договор, а ќе ги извршува особено следните работи:

fbм

- ќе следи дали договорот се реализира според проектна програма, барањата во Тендерската документација кон огласот за јавна набавка, според понудата на Давателот на услуги и според одредбите на овој договор;
- изготвува писмена коресподенција во врска со реализација на договорот во разумен рок или во рокови предвидени со овој договор;
- обезбедува документација потребна за реализација на договорот на денот на склучување на Договорот согласно одредбите од овој договор, за што изготвува и потпишува Записник за примопредавање на документацијата;
- учествува на лице место во вовед во работа;
- врши увид на проектната документација најмалку 2 пати во месецот, за што сочинува Извештај од извршениот увид;
- пред проектантот и пред Давателот на услугите ќе ги истакнува барањата и сугестиите на Корисникот на услугите при проектирањето;
- ќе го следи почитувањето на роковите утврдени во динамичниот план;
- ги потврдува фактурите за исплата, со што гарантира дека работите се извршени согласно договорот;
- ги врши сите работи и презема соодветни активности што произлегуваат од одредбите на овој договор како обврска на Корисникот на услугите.
- ги координира преставниците на Давателот на услуги, Проектантот, Општината, Училиштето и а по потреба и други релевантни учесници за изведба на работите предмет на овој договор, за увид на лице место, за меѓусебни консултации и слично;
- организира координативни состаноци според утврден распоред и иницира координативни состаноци во случај на оценка на ризик или потреба за меѓусебна кординација;
- го следи и се грижи за навремено постапување во рокови за активности според заклучоци по одржани состаноци;
- по целосна реализација на договорот, како и во случај на раскинување на договорот изготвува Извештај за реализација на договор со прилог потпишана контролна чек- листа што содржи хронолошки настани и факти за реализација на активностите и обврските од договорот и евентуално анексите на овој договор; Извештајот особено содржи и дел за генерално стручно видување за реализација на договорот, дава осврт на работите што евентуално довеле до ризик за ненавремено, неквалитено или некоординирано извршување на работите или придонеле за настанување на штета или имале друго негативно влијание врз реализација на договорот и задолжително дава свое стручно мислење со предлози што ќе придонесат за подобрување на резултатите и намалување на ризиците за изведба на сличен проект;
- води досие – предмет за реализација на овој договор и евентуалните анекси на овој договор;
- по потреба срочува службена белешка со мислење за фактичката состојба, архивски службено ја евидентира и со истото ги запознава одговорните лица кај Нарачателот;
- врши и други работи поврзани со следење на реализацијата на договорот по свое видување и на на барање на Корисникот на услугите;

Корисникот на услугите е должен најмалку еднаш во месецот да организира координативни состаноци за текот на реализација на проектот, за што составува Записник од секој состанок.

## 8. СКЛУЧУВАЊЕ И УСЛОВИ ЗА РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 16**

Овој Договор се смета за склучен со денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

**Член 17**

Овој Договор може да биде раскинат доколку договорните страни не се придржуваат кон одредбите на овој Договор.

**Член 18**

Корисникот на услуги има право еднострано да го раскине овој Договор доколку Давателот на услуги прекрши некоја одредба од овој Договор, а прекршувањето не го исправи во рок од 2 (два) дена од денот на добивањето на писмено предупредување од страна на Корисникот на услуги или во случај Давателот на услуги да не се придржува кон обврските од член 6 на овој Договор.

**Член 19**

Во случај на раскинување на овој Договор по вина на Давателот на услуги, истиот е должен на Корисникот на услугите веднаш без одлагање да му ги подмири и да му ги надомести штетите (материјални и нематеријални) кои ќе бидат предизвикани на Корисникот на услугите.

## 9. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 20**

Измени и дополнувања на Договорот може да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат, со Анекс на Договорот.

**Член 21**

Во случај на спор, договорните страни се согласни спорот да го решат спогодбено, а во спротивно за истиот ќе решава стварно надлежниот суд во Скопје.

**Член 22**

Овој Договор е склучен во 4 (четири) идентични примероци, од кои по 2 (два) примероци за секоја договорна страна.

| | |
|---|---|
| **КОРИСНИК НА УСЛУГИ,** | **ДАВАТЕЛ НА УСЛУГИ,** |
| **МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА** | **„Хидро Градежен Инженеринг" ДСО Скопје** |
| **МИНИСТЕР,** | **УПРАВИТЕЛ,** |
| **Мила Царовска** | **Горјан Горчевски** |

СКОПЈЕ
ХИДРО

Изготвил: Samir Avdija
Проверил: Милка Масинкоска
Согласен: Маја Бичиклиска